Предлог

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17-а став 4 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден .09.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување заменици членови во
Комисија за селекција за избор на членови
во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското
работење на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Со ова Решение се разрешуваат заменици членови во Комисијата за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Зорица Миладиновска, вработена во Сектор за управување со човечки ресурси во Општина Велес и
   - Благојка Наунова, вработена во ЈКП „Дервен“ Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Согласно член 17-а став 4 од од Законот за јавните претпријатија Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26): „За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, односно во Градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, односно во Градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите“ и член 26- а: „Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор“.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, донесе Решение за формирање Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со бр.25-2123/23 од 27.04.2023 година со кое се именуваат Зорица Миладиновска и Благојка Наунова, заменик членови.

Од причина што на Зорица Миладиновска и престана работниот однос во Општина Велес, а Благојка Наунова е избрана за член на Советот на Општина Велес, потребно е да се разрешат од заменик членови на Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.